## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**704.**

Врз основа на член 136 став 7 и 8, член 138 став 6, член 139 став 2 и член 144 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07 и 103/08), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПИЛОТИ НА АВИОНИ

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на пилоти на авиони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/08), во Прилог 2, по текстот на Директивата 91/670/ЕЕЗ на Советот од 16 декември 1991 година, за взаемно признавање на дозволи на персонал за вршење на должности во цивилното воздухопловство се додава Анекс кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-415/3
9 март 2009 година
Скопје

В.д. директор,
**Зоран Крстевски,** с.р.

**ПРИЛОГ**

АНЕКС

| Улога | Посебна процедура за валидација | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Посебни услови за валидација | | | | |
| | Дозвола | Лекарско уверение | Возраст | Искуство | Тестови на способност (*)<br><br>-проверка на знаењето на условите пропишани од страна на земјата-членка домаќин и во согласност со Анекс 6 на Чикашката конвенција на националниот јазик на земјата која врши валидација или на англиски јазик, по избор на кандидатот.<br><br>-испитување во лет, вклучувајќи и летање по |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | инструменти, во лет или на симулатор (деталите од овие испитувања се наведени во колоната подолу, за секој поединечен случај) |
| (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) |
| 1. Комерцијален воздушен сообраќај со воздухоплови согласно ФАР 25/ЈАР 25 | | | | | |
| (а) Водач на воздухоплов | (а) Дозвола за сообраќаен пилот-А | (а) Лекарско уверение од класа 1 без писмено откажување | (а) од 21 до 60 | (а) 1500 часа како водач на воздухоплов на авиони во согласност со ФАР25/ЈАР 25 | (а) Испитување во лет, вклучувајќи и испитување за овластување за летање по инструменти во лет или на симулатор |
| (б) Копилот | (б) Дозвола за сообраќаен пилот-А | (б) Лекарско уверение од класа 1 без писмено | (б) од 21 до 60 | (б) 1500 часа на авиони во согласност со ФАР25/ЈАР 25 | (б) Испитување во лет, вклучувајќи и испитување за овластување за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | откажување | | | летање по инструменти во лет или на симулатор |
| 2. Комерцијален воздушен сообраќај во воздухоплови кои не се во согласност со ФАР 25/ЈАР 25 | | | | | |
| (а) Водач на воздухоплов | (а) Дозвола за комерцијален пилот-А (со овластување за летање по инструменти) | (а) Лекарско уверение од класа 1 без писмено откажување | (а) од 21 до 60 | (а) 1000 часа како водач на воздухоплов во комерцијален воздушен сообраќај по стекнување на овластување за летање по инструменти | (а) Испитување во лет, вклучувајќи и испитување за овластување за летање по инструменти во лет или на симулатор |
| (б) Копилот | (б) Дозвола за комерцијален пилот-А (со овластување за летање по инструменти) | (б) Лекарско уверение од класа 1 без писмено откажување | (б) од 21 до 60 | (б) 1000 часа во комерцијален воздушен сообраќај по стекнување на овластување за летање по инструменти | (б) Испитување во лет, вклучувајќи и испитување за овластување за летање по инструменти во лет или на симулатор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. (а) Специјализирани услуги со воздухоплов (со исклучок на обука за летање) | (а) Дозвола за комерцијален пилот-А | (а) Лекарско уверение од класа 1 без писмено откажување | (а) од 21 до 60 | (а) 700 часа како водач на воздухоплов на класични авиони, вклучувајќи и 200 часа за видот на специјализирани услуги со воздухоплов за кои се бара валидација, вклучувајќи и 50 часа во улогата во последните 12 месеци | (а) Проверка во лет во улогата |
| 3. (б) Специјализирани услуги со воздухоплов (со исклучок на обука за летање и сообраќај надвор од земјата) | (б) Дозвола за комерцијален пилот-Х | (б) Лекарско уверение од класа 1 без писмено откажување | (б) од 21 до 60 | (б) 700 часа како водач на воздухоплов на хеликоптери, вклучувајќи и 200 часа за видот на специјализирани услуги со воздухоплов за кои се бара валидација, вклучувајќи и 50 | (б) Проверка во лет во улогата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | часа во улогата во последните 12 месеци | |
| 4. Комерцијален воздушен сообраќај или сообраќај со хеликоптерите надвор од земјата<br><br>(а) Водач на воздухоплов | (а) Дозвола за сообраќаен пилот-X (со овластување за летање по инструменти, доколку се бараат летови согласно правила за летање по инструменти) | (а) Лекарско уверение од класа 1 без писмено откажување | (а) од 21 до 60 | (а) 1500 часа летање како водач на воздухоплов поврзано со видот на сообраќај за кој се бара валидација. Ако се бара лет со овластување за летање по инструменти, има стекнато 500 часа искуство во летање, откако стекнал | (а) Испитување во лет, вклучувајќи и испитување за овластување за летање по инструменти, ако е соодветно, во лет или на симулатор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (б) Копилот | (б) Дозвола за комерцијален пилот (со овластување за летање по инструменти, доколку се бараат летови согласно правила за летање по инструменти) | (б) Лекарско уверение од класа 1 без писмено откажување | (а) од 21 до 60 | овластување за летање по инструменти)<br><br>(б) 1500 часа летање поврзано со видот на сообраќај за кој се бара валидација. Ако се бара лет со овластување за летање по инструменти, има стекнато 500 часа искуство во летање, откако стекнал овластување за летање по инструменти) | (а) Испитување во лет, вклучувајќи и испитување за овластување за летање по инструменти, ако е соодветно, во лет или на симулатор |

IR=Овластување за летање по инструменти

(*) На кандидатот мора да му се даде можност да ги изврши горенаведените проверки и испитувања колку што е можно поскоро.

Класични авиони се оние авиони кои не се сертифицирани согласно JAP 25, како и ултралесни летала.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009039